РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
УП1 Бр. 08-22
22.04. 2021 год.
ДЕЛЧЕВО

# ЗАПИСНИК

Од одржана јавна презентација (јавна анкета) по Детален урбанистички план (ДУП) за УЕЗ, дел од урбан блок 3.2 – Општина Делчево

На ден 22.04.2021 година се одржа јавна презентација (јавна анкета) по Детален урбанистички план (ДУП) за УЕЗ, дел од урбан блок 3.2 во фоајето на СПОМЕН ДОМ АСНОМ во 12:00 часот.

Советникот на „одделение за урбанизам, заштита на животна средина и сообраќај" Горан Петровски даде воведен збор за намената и локацијата на опфатот на ДУП и даде образложение за причините и изработката на урбанистичката документација.

Тој ги претстави планерите и даде збор на носителот (изработувач) на планот Томе Стојанов претставник на планот од ИН ПУМА – Скопје.

Томе Стојанов почна со образложение за Границите на планскиот опфат за предметниот ДУП за УЕ 3, дел од урбан блок 3.2, - Општина Делчево, со површина од 0,53ха во рамки на регулационите линии кои го оформуваат блокот, односно 0.94ха до осовини на сообраќајници, односно:

- на северо-запад границата се движи по осовината на сервисна улица – „Кузман Јосифовски Питу",
- на северо-исток границата се движи по осовината на собирна улица „Маршал Тито",
- на југо-исток границата се движи по осовината на собирна улица „Индустриска"и
- на југо-запад границата се движи по осовината на сервисна улица „Мито Хаџивасилев".

Вкупната површина на планскиот опфат, што ќе се применува при изработка на Детален урбанистички план за УЕ 3, дел од урбан блок 3.2, Општина Делчево, изнесува 0,94 ха, вклучувајќи ја и површината помеѓу регулационите линии одредени со ГУП на Делчево и површината до осовините на сообраќајниците.

Планскиот опфат на Детален урбанистички план за УЕ 3, дел од урбан блок 3.2, Општина Делчево е дефиниран со важечката планска документација:

- Генерален урбанистички план на Делчево, 1997-2010 (Одлука бр.07-278 од 30.06.1999 год.)
- Генерален урбанистички план на град Делчево - Измена на основна сообраќајна мрежа урбани единици и блокови, урбана единица 1 блок 1.2 и

урбана единица 2 блок 2.1, 2.2 и 2.6, 2008-2018 (Одлука бр. 07-702/1 од 14.11.2008 год.) и

- Деталниот урбанистички план Делчево, Локалитет „Старо Делчево“ (Одлука бр.08-773 од 25.10.1996 год.)

На ниво на Генерален урбанистички план Делчево планирана е следната наменска зона:

- Комбинирана детска установа

Со постојниот Детален урбанистички план Делчево, Локалитет „Старо Делчево“(Одлука бр.08-773 од 25.10.1996 год.) планирани се следните класи на намена:

- Комбинирана детска установа

ДУП е содржи три градежни парцели Б2, А1 и Д3.

Објектот А1 семејно домување е евидентиран без права за развој.

Планерот го заврши образлагањето.

Прашање постави Зорка Зпасова : Дали локацијата со намена А1 може да добие развој и зошто не?

Планерот одговори дека не е можно да добие развој затоа што намената во ГУП и во ДУП е труд и совијала.

Дата: 22.04.2021, Делчево

Записничар:
Андријана Соколовска